**20211031637**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИ И ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОЦИ ОД КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2021 година.

Бр. 08-2214/1
5 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИ И ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОЦИ ОД КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12, 147/15 и 30/16), во член 2 по точката 22 се додава нова точка 23, која гласи:

„23. „Одговорно лице за прекршок“ е:

а) член на Управен одбор и/или член на Надзорен одбор на друштво или од него овластено лице;

б) член на орган на управување и/или член на орган на надзор на друштвото за осигурување или од него овластено лице;

в) член на орган на управување и/или член на орган на надзор на осигурително брокерско друштво или од него овластено лице;

г) член на орган на управување и/или член на орган на надзор на друштво за застапување во осигурување или од него овластено лице;

д) директор или раководител на организациона единица одговорен за чување на имот на чуварот на имот или од него овластено лице;

ѓ) директор, помошник директор или друго лице на раководна позиција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и

е) управител на Центарот за котација или од него овластено лице.“.

Член 2

Членот 81 се менува и гласи:

„Порамнување и спогодување по прекршок

(1) Одредбите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување кои се однесуваат на порамнување ќе се применуваат во постапките во врска со прекршоците пропишани со овој закон.

(2) Одредбите од Законот за супервизија на осигурување кои се однесуваат на посредување и спогодување ќе се применуваат во постапките во врска со прекршоците пропишани со овој закон.“.

Член 3

Членот 82 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за осигурување, доколку:

1) при определување на износ на одложен ануитет постапи спротивно на членот 9 став (2) од овој закон;

2) не го усогласи износот на ануитетот кој ќе се исплатува согласно со членот 12 став (1) од овој закон;

3) не доставува статистички податоци до АСО во период и форма пропишани од АСО согласно со членот 22 став (4) од овој закон и

4) не доставува статистички податоци до АСО во период и форма пропишани од АСО согласно со членот 63 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во друштво за осигурување.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштво за осигурување ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 4

Членот 83 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за осигурување, доколку:

1) раскине полиса за ануитет спротивно на членот 4 став (1) од овој закон;

2) врши усогласување на фиксен ануитет усогласен со трошоци за живот спротивно на членот 6 став (1) од овој закон;

3) нуди попуст, поврати на парични средства или други поволности спротивно на членот 7 став (2) од овој закон;

4) наплатува надоместоци спротивно на членот 10 од овој закон;

5) пресметува висина на пензијата за втор столб преку фиксен ануитет со учество во добивката спротивно на членот 11 ставови (1) и (4) од овој закон;

6) не презентира понуда во рокот определен во членот 30 став (1) од овој закон;

7) не направи прва исплата на ануитет во рокот определен во членот 36 став (3) од овој закон;

8) не го извести Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија согласно со членот 38 став (1) од овој закон;

9) не ја провери висината на пензијата од втор столб согласно со членот 39 став (2) од овој закон;

10) не врши проверки согласно со членот 40 став (1) од овој закон;

11) врши исплата на ануитети спротивно на членот 49 став (2) од овој закон;

12) не изврши намалување на данок при исплата на пензиите од втор столб и пензиските надоместоци од трет столб согласно со членовите 50 и 79 од овој закон;

13) раскине полиса за ануитет спротивно на членот 53 став (1) од овој закон;

14) нуди попуст, поврати на парични средства или други поволности спротивно на членот 55 став (2) од овој закон;

15) наплатува надоместоци спротивно на членот 57 од овој закон;

16) не изврши прва исплата на ануитет во рокот определен во членот 74 став (3) од овој закон;

17) не го усогласи пропорционално износот на ануитет на начин определен со членот 75 од овој закон и

18) врши исплата на ануитети спротивно на членот 78 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во друштво за осигурување.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштво за осигурување ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 5

Членот 84 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за осигурување, доколку:

1) исплатува вид на пензија од втор столб или пензиски надоместок од трет столб спротивно на членовите 3 и 52 од овој закон;

2) не користи таблици на смртност согласно со членот 22 став (2) од овој закон;

3) не користи каматни стапки согласно со членот 22 став (6) од овој закон;

4) не користи таблици на смртност согласно со членот 63 став (2) од овој закон и

5) не ги користи каматните стапки од членот 63 став (6) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во друштво за осигурување.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштво за осигурување ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 6

Членот 85 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на пензиско друштво, доколку:

1) не доставува статистички податоци до МАПАС во период и форма пропишани од МАПАС согласно со членот 22 став (4) од овој закон;

2) не води и не чува евиденција на начин утврден во членот 37 став (1) од овој закон;

3) не доставува статистички податоци до МАПАС во период и форма пропишани од МАПАС согласно со членот 63 став (4) од овој закон и

4) не води и не чува евиденција на начин утврден во членот 76 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во пензиско друштво.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на пензиско друштво ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 7

Членот 86 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на пензиско друштво, доколку:

1) не определи лице кое има дозвола за работа како овластен актуар согласно со членот 15 став (2) од овој закон;

2) при прва пресметка за програмирани повлекувања користи параметри и формула спротивни на членот 16 ставови (2) и (4) од овој закон;

3) при повторна пресметка за програмирани повлекувања користи параметри и формула спротивни на членот 16 ставови (3) и (4) од овој закон;

4) наплатува надоместоци спротивно на членот 17 став (1) од овој закон;

5) не врши проверка на збирот на пензијата согласно со членот 20 став (5) од овој закон;

6) не поднесе барање за котација согласно со членот 29 став (3) од овој закон;

7) не презентира понуда во рокот определен во членот 30 став (1) од овој закон;

8) не достави збирна табела согласно со членот 32 став (1) од овој закон;

9) наплати надоместоци за пренос на средствата спротивно на членот 36 став (1) од овој закон;

10) не ги пренесе средствата во рокот определен во членот 36 став (2) од овој закон;

11) не го извести Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија согласно со членот 38 став (1) од овој закон;

12) не ја провери висината на пензијата од втор столб согласно со членот 39 став (2) од овој закон;

13) не врши проверки согласно со членот 40 став (1) од овој закон;

14) не ја зголеми исплатата на програмирани повлекувања согласно со членот 42 став (1) од овој закон;

15) врши исплата на програмирани повлекувања спротивно на членот 49 став (1) од овој закон;

16) не изврши намалување на данок при исплата на пензиите од втор столб и пензиските надоместоци од трет столб согласно со членовите 50 и 79 од овој закон;

17) не поднесе барање за котација согласно со членот 67 став (7) од овој закон;

18) не презентира понуда согласно со членот 69 од овој закон;

19) не презентира збирна табела согласно со членот 71 став (2) од овој закон;

20) изврши пренос на средства од индивидуална доброволна или професионална сметка во субјект кој не е друштво за осигурување или пензиско друштво спротивно на членот 74 став (1) од овој закон;

21) не изврши пренос на средствата во рокот определен во членот 74 став (2) од овој закон;

22) не изврши прва исплата на програмирани повлекувања во рокот определен во членот 74 став (3) од овој закон и

23) врши исплата на програмирани повлекувања спротивно на членот 78 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во пензиско друштво.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на пензиско друштво ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 8

Членот 87 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на пензиско друштво, доколку:

1) исплатува вид на пензија од втор столб или пензиски надоместок од трет столб спротивно на членовите 3 и 52 од овој закон;

2) не користи таблици на смртност согласно со членот 22 став (3) од овој закон;

3) не користи каматни стапки согласно со членот 22 став (7) од овој закон;

4) не користи таблици на смртност согласно со членот 63 став (3) од овој закон и

5) не ги користи каматните стапки од членот 63 став (7) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во пензиско друштво.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштво за осигурување ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 9

Членот 88 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за застапување во осигурување или на осигурително брокерско друштво, доколку:

1) нуди попуст, поврати на парични средства или други поволности спротивно на членот 7 став (2) од овој закон;

2) наплати провизија од друштво за осигурување спротивно на членот 8 став (2) од овој закон и

3) нуди попуст, поврати на парични средства или други поволности спротивно на членот 55 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во друштво за застапување во осигурување или на осигурително брокерско друштво.

(3) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на друштво за застапување во осигурување или на осигурително брокерско друштво ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(4) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 10

Членот 89 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, доколку:

1) не достави копија од решението, односно одлуката до пензиското друштво согласно со членот 28 ставови (2) и (3) од овој закон;

2) не врши проверка на пресметаната разлика до најнизок износ на пензија согласно со членот 41 став (1) од овој закон;

3) не врши исплата на разликата до најнискиот износ на пензија согласно со членот 41 став (3) од овој закон;

4) не исплати разлика на пензијата согласно со членот 42 став (2) од овој закон и

5) не исплати најнизок износ на пензија согласно со членот 43 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице за прекршок во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, ако во рок од три дена од денот на приемот на барањето не постапи согласно со членот 34 став (4) од овој закон.

(4) Глоба до двократниот износ од ставот (1) на овој член ќе се изрече на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ако со прекршокот од ставот (1) на овој член прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема штета.

(5) За прекршоците утврдени во овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 11

Членот 89-а се брише.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.